Локален Совет за Волонтерство на Општина Битола
sovetzavolonterstvobt@gmail.com
www.facebook.com/sovetzavolonterstvobitola

Бр.40-145/5
25.10.2023 година

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната седница на Локалниот совет за волонтерство (ЛСВ) на општина Битола**

Седницата се одржа на 25.10.2023 (среда) со почеток во 13:00 ч. Во просториите на МКЦ-Битола

На седницата беа присутни 6 членови на ЛСВ (прилог список за присуство)

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на записникот од седницата одржана на ден 28.06.2023
2. Јавен повик за поддршка волонтерски акции од општина Битола
3. Активности по повод 5 декември Меѓународен ден на волонтерите
4. Тековни прашања

**По првата точка**, Записникот од втората седница од 28.06.2023 година беше усвоен со 6 гласови ЗА.

Во однос на **втората точка**, Претседателот на ЛСВ Златко Талевски го презентираше Јавниот повик за поддршка на волонтерски акции кој го објави општина Битола (критериуми, апликација и пропратни документи). Повикот е отворен до 31.10.2023 и членовите на ЛСВ треба да ја споделуваат информацијата и да стимулираат што поголем број на квалитетни пријави. Беше нагласено дека сумата за поддршка е симболична (најмногу до 15.000 денари) и дека треба да се зголеми за 2024 година. Исто така ЛСВ да се заложи вкупната сума за поддршка од 100.000 денари за повикот да се зголеми во 2024 година. ЛСВ да има советодавна улога во одлучувањето за поддршка на акциите и да дава предлог до Комисијата за финансии и буџет на општина Битола. Претседателот на ЛСВ предложи членовите на ЛСВ да се изземат од одлучување ако аплицира нивната организација, кога ќе се расправа за таа апликација. Ова беше едногласно прифатено од сите членови на ЛСВ. Се истакна дека волонтереските акции треба да имаат видливост и да се подготви временска рамка за реализација на акциите за членовите на ЛСВ да можат да посетат некоја акција на терен.

Во однос на **третата точка** членовите на ЛСВ дискутираа кои активности ќе се организираат за 5 декември Меѓународниот ден на волонтерите. ЛСВ треба да подготви Јавен повик за локални волонтерски награди кој треба да го објави општина Битола во прва половина на ноември 2023 година. Беше одлучено да се провери апликацијата од Сфера и да се дискутира подетално за организација на настанот на наредната седница на ЛСВ.

Во однос на **четвртата точка** Претседателот на ЛСВ Златко Талевски предложи да се разгледа Деловникот за работа на ЛСВ и да се подготват измени во делот на членството во ЛСВ (критериуми за престанок на членство).

Записничар:
Наталија Стојковска

Претседател на ЛСВ:
Златко Талевски